ТЕХНОМЕТАЛ - ВАРДАР
Бр. 02-3863
20-11 2003 год.
Скопје



08-3585/1
25. 11. 2003

# ДОГОВОР

За испорака и монтажа на плочи и коцки од природен камен–гранит Јабланица за поплочување на плоштадот " Македонија" во град Скопје.

Склучен помеѓу:

***ГРАД СКОПЈЕ,***
застапуван од Градоначалникот Ристо Пенов
(во понатамошниот текст Инвеститор–Нарачател)

и

***" ТЕХНОМЕТАЛ-ВАРДАР" АД,***
застапуван од Претседателот на Управниот Одбор Кочо Моцан
( во понатамошниот текст Изведувач–увозник)

***Предмет на Договорот***

*Член 1*

Предмет на овој Договор е испорака и вградување на плочи и коцки од природен камен за поплочување на плоштадот " Македонија" во град Скопје.

*Член 2*

Договорените работи ќе се изведуваат спрема главниот проект на нарачателот и во согласност со техничките прописи и стандарди кои важат во Република Македонија.

Кон Договорот е приложена спецификација на плочи и коцки по димензии со единечни цени.

***Вредност на Договорот***

*Член 3*

Договорната вредност на сите работи од член 1 и 2 изнесува 96.696.454,00 ден. во која вредност е пресметан 18% ДДВ.
Конечната цена се пресметува врз основа на поединечните цени од прилогот во Член 2 спрема стварна вградена количина потврдено од страна на надзорниот орган на Нарачателот во градежната книга.

СКУП Македонија

Во случај на промена на званичниот курс на денарот во однос на еврото (девалвација), курсната разлика ќе падне на терет на инвеститорот.

*Квалитет на плочите и коцките*

*Член 4*

Квалитетот на испорачаниот материјал ќе биде согласно приложената мостра,техничката документација и атести.
Обработка на плочите " палење ".

*Испорака на гранитните плочи и коцки*

*Член 5*

Испораката ќе се врши сукцесивно по потпишување на Договорот во зависност од динамичниот план и припремената подлога од инвеститорот.

Вградувањето ќе се врши по динамичен план на инвеститорот. Во колку временските услови се погодни дневно ќе се монтираат 150–200 м².

Испорачаниот материјал треба да биде исечен и обработен по димензии согласно спецификација од Член 2 и спакуван на начин кој одговара на типот на транспорт. Изведувачот се обврзува евентуално оштетените плочи при транспортот да ги замени со нови.

*Начин на исплата*

*Член 6*

Изведувачот за увезените гранитни плочи и коцки ќе испоставува фактури, а за вградувањето на материјалот ќе доставува месечни ситуации.

*Член 7*

Инвеститорот плаќањето од Член 6 ќе го врши на сметка назначена од Изведувачот во рок од 15 дена од примената фактура за испорачан материјал со потврда за примен материјал од Нарачателот и оверена ситуација од надзорниот орган за претходниот месец.

СКУП Македонија

*Обврски на изведувачот*

*Член 8*

8.1. Изведувачот е должен да го испорача и вгради материјалот по сите услови и квалитети предвидени со овој Договор и проектот.

8.2. Да обезбеди цертификат за вградениот материјал согласно важечките стандарди и доставената мостра со право на инвеститорот да по свое наоѓање го испита материјалот по сите параметри кај овластени институции во Република Македонија и во колку не се потврдат параметрите од атестите изведувачот мора да пристапи кон отклонување на недостатоците или замена на материјалот.

8.3. Да ги изведува работите во склад со проектот за изведба.

8.4. Исправно да ја води и чува градежната документација.

8.5. Да именува одговорно лице за пратење на реализацијата на овој Договор.

8.6. Да овозможи надзорниот орган да го контролира квалитетот на материјалот и неговото вградување.

8.7. Да обезбеди примена на хигиено–технички и противпожарни мерки како и мерки на заштита на работа и на животната средина согласно прописите на Република Македонија.

8.8. Да изврши осигурување на материјалот до неговото вградување и да ги осигура своите работници.

8.9. Да обезбеди присаство на свои претставници во комисијата за технички преглед и прием на работите.

8.10. Да ги отстрани сите недостатоци по записниците на комисијата за технички преглед во рок кој е даден во записникот.

8.11 Да доставува оперативен план во форма и рок кој ќе го одреди инвеститорот.

*Обврски на Инвеститорот*

*Член 9*

9.1. Да обезбеди простор за прием и складирање на материјалот на градилиштето.

9.2. Да припреми тампонирана, асфалтирана и изнивелирана подлога за вградување на гранитните плочи и коцки.
За почеток на вградување на елементите потребно е инвеститорот да има припремено подлога за цца 4.000 $м^2$.

СКУП Македонија

11.1 Надзорниот орган ќе врши квалитативен и квантитативен прием на материјалот .

11.2 Контрола и проверка на вградувањето.

11.3. Оверување на градежниот дневник.

11.4 Оверување на месечните ситуации

11.5 Решавање на други ситуации кои ќе се јават во тек на изведување на квалитетот.

*Градежна документација*

*Член 12*

12.1 Изведувачот се обврзува на градилиштето да води градежна книга во која ќе ги впишува сите околности а нарочно:
- Ден на почеток на работите.
- Тек на нивно извршување.
- Документација за материјалите.
- Датум на завршување на работите и
- Датум на предавање на работите на инвеститорот.

12.2 Градежниот Дневник се води во два примерка од кои еден зема Инвеститорот а еден го задржува Изведувачот.

12.3 Надзорниот Орган врши оверување на градежниот Дневник.

*Технички прием и конечна пресметка на работите*

*Член 13*

По завршување на работите Изведувачот писмено го известува Инвеститорот дека договорените работи се завршени:

Инвеститорот е должен во рок од 15 дена по добивање на известувањето да изврши преглед на извршените работи.

Прегледот на извршените работи го врши комисија составена од договорните страни и Надзорниот орган.

По завршениот преглед Комисијата сочинува записник со евентуално уочени недостатоци. Изведувачот е должен сите наведени недостатоци по записникот да ги отстрани во наведениот рок.

Примопредавањето се врши со обострано потпишување на Протокол во кој се констатира прием на работите по обем и квалитет.

Од датумот на приемот тече гарантираниот рок.

СКУП Македонија

## *Гарантен рок*

### *Член 14*

14. 1 Гарантниот рок е две години од денот на потпишување на примопредајниот Протокол.

14.2 Изведувачот се обврзува да за време на гарантниот рок бесплатно ги отклони сите недостатоци кои ќе настанат како грешка на материјалот и изработката како што се пукнатини на плочите и деформации на каменот.

14.3 Во тек на траење на гарантниот рок инвеститорот е должен писмено да го извести Изведувачот за настанатите недостатоци и да го повика истите да ги отстрани.
Изведувачот е должен во рок од 30 дена да пристапи кон отклонување на наведените недостатоци.

## *Прием на право и решавање на спорови*

### *Член 15*

Овој Договор е склучен согласно законите на Република Македонија. За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Било каков спор кој што ќе произлезе од или во врска со овој Договор ќе биде решаван од страните по пат на преговори. Во колку преговорите не успеат, во рок од 30 дена страните се договорија истиот да го решава Основниот суд во Скопје како стварно надлежен суд.

## *Завршни одредби*

### *Член 16*

Овој Договор составен е во 4 ( четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорена страна и стапува во сила со денот на потпишување.

*Изведувач,*
*" Технометал - Вардар" АД*
Претседател на Управен Одбор
Кочо Моцан,

*Инвеститор,*
*Град Скопје*
Градоначалник на Град Скопје
Ристо Пенов,

СКУП Македонија